

# ПРИСТАП НА ЖЕНИТЕ ДО ПАЗАРОТ НА ТРУД И АКТИВНИТЕ ПОЛИТИКИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Оваа анализа има за цел да даде преглед на статусот на жените на пазарот на трудот и на националните активни политики за вработување, со посебен фокус на активните мерки и услуги за вработување; да ги идентификува пречките за пристапот на жените до мерките и услугите; и да даде конкретни препораки за дизајнирање на идните активни мерки и услуги за вработување.

Анализата се заснова на јавно достапни податоци подготвени и објавени од релевантни национални и меѓународни организации / институции за периодот од 2015 до 2019 година. Поради недостаток на јавно достапни податоци за учеството на жените во секоја фаза од спроведувањето на активните мерки и услуги за вработување, дел се обезбедени преку постапка за слободен пристап до информации од јавен карактер.

## ВКЛУЧЕНОСТ НА ЖЕНИТЕ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ

На крајот на 2019 година стапката на активност на работоспособното население во Република Северна Македонија (РСМ) изнесува **57.5%**, а стапката на невработеност изнесува 17.3% [1], **што е значително повисоко од земјите членки на Европската унија** (ЕУ 27 стапка на невработеност, 6.7%). Стапката на невработеност на жените во РСМ претставува 7.4% од вкупното активно население, што е за 1.4 процентни поени повеќе од ЕУ-27 (7%), а пак стапката на неактивност на жените во 2019 година се зголемува во однос на онаа кај мажите.

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ

м-р. Дарко Антиќ

*НОЕМВРИ, **2020***

[1] Активно население во Република Северна Македонија Резултати од Анкетата за работна сила, 2019 година, http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?id=98&rbr=3255

# ВКЛУЧЕНОСТ НА ЖЕНИТЕ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ

Жените учествуваат со помалку од половина од вкупниот број на активна работна сила (просечно 39%), што е за речиси 20 процентни поени (п.п.) помалку од мажите. *(види ǵарфикон број 1)*




***Графикон 1:*** Стапка на активност на вкупното население, наспрема стапка на активност на жените во периодот од 2015 до 2019 година, изразено во %

Повеќе од половина од женската популација е неактивна (просек 63.9%), што е за 27.7 п.п. повеќе од мажите. *(види ǵрафикон 2)*






***Графикон 2:*** Стапка на неактивност на мажите, наспрема стапка на неактивност на жените во периодот од 2015 до 2019 година, изразено во %

Она што е важно да се нагласи, е дака во 2019 година кога вкупната стапка на невработеност се намалува за 4.1 п.п. во однос на претходната година, стапката на невработеност на жените се зголемува за 5.9 п.п. *(види графикон 3).*




***Графикон 3:*** Стапка на невработеност на вкупното население, наспрема стапка на невработеност на жените во периодот од 2015 до 2019 година, изразено во %

# СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКТИВНИ ПОЛИТИКИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ



Државата одвојува во просек 0,16% од БДП [2] за спроведување на активните политики за вработување, што е далеку под просекот на земјите од ЕУ и приближно 20% [3] од буџетот на програмите и мерките за вработување, како и услугите за вработување.

Активните политики за вработување се најмногу фокусирани на невработените лица кои се регистрирани во државниот систем за вработување. **Невработените лица кои не се регистрирани (55% од вкупниот број на невработени) [4] немаат право на пристап до активни мерки, програми и услуги за вработување. Ваквото ограничување особено влијае врз жените,** најпрво заради високиот број на работоспособни жени кои не се активни на пазарот на трудот и второ заради непостоењето на мерки за стимулирање за нивната активност.

Активните политики за вработување во периодот од 2018 и 2019 година вклучуваат четири главни категории на мерки: **1) директно создавање на работни места, 2) стимулирање на вработување, 3) обуки за вработување и 4) работа во заедницата.** Дополнително, годишните оперативни планови за активни политики за вработување вклучуваат и **директни услуги за невработените**.

НЕВРАБОТЕНИ




[2] Податокот се однесува на 2017 година и е превземен од ревидираната Програма за реформи во вработувањето и социјалната политика, 2022.

[3] Процентот е добиен врз основа на табела 12 од Националната стратегија за вработување 2016 - 2020 (100% трошоци, намалени за 10% административни трошоци и 70% трошоци за пасивни мерки за вработување).

[4] Процентот е пресметан врз основа на фактичкото учество на нерегистрираните невработени во вкупниот број на невработени во 15 населени места во четири општини од РСМ. http://www.esem.org.mk/pdf/Publikacii/2019/ESE%20vrabotuvanje%20merki.pdf.



Податоците покажуваат дека жените се претежно вклучени и таргетирани со политиките мерки за стимулирање на вработување, а многу малку со другите активни мерки и услуги за вработување.

**1) Категоријата на МЕРКИ ЗА ДИРЕКТНО СОЗДАВАЊЕ РАБОТНИ МЕСТА** вклучува само една програма → **ПРОГРАМА ЗА САМОВРАБОТУВАЊЕ.**

**14.000.000 €**

**Преку програмата државата потрошила 14 мил. евра и опфатила повеќе од 2,609 лица (35% жени)** [5] **во периодот од 2018 - 2019 година. Оваа програма е една од двете програми што ја препознаваат ранливата група жени како клучна целна категорија, но нема податоци дали 35% од опфатените жени, се жени кои доаѓаат од ранливи категории.**

**35%**

**2) Категоријата на МЕРКИ СТИМУЛИРАЊЕ НА ВРАБОТУВАЊЕ** вклучува пет мерки: →

- **СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ПЛАТИ;**
- **СУБВЕНЦИОНИРАНО ВРАБОТУВАЊЕ НА ЛУЃЕ КОИ ЖИВЕАТ ВО СОЦИЈАЛЕН РИЗИК;**
- **ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА МИКРО И МАЛИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ЗА ОТВОРАЊЕ НОВИ РАБОТНИ МЕСТА;**
- **ВРАБОТУВАЊЕ НА ИНВАЛИДНИ ЛИЦА И**
- **СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ ЗА РАБОТОДАВЦИ КОИ ВРАБОТУВААТ ИНВАЛИДНИ ЛИЦА.**

**11.000.000 €**

За спроведување на овие мерки **државата потрошила 11 мил. евра и опфатила повеќе од 3.629 лица (42% жени).** [6]
**Единствената мерка која предвидува опфат на ранливи групи жени како целна категорија е мерката „субвенционирање на плати", но, нема податоци дали опфатените жени со оваа мерка се жени од ранливи категории.**

**42%**

**3) Категоријата ОБУКИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ** вклучува 11 мерки: →

- **ОБУКА ЗА ПОТРЕБИТЕ ОД РАБОТНА СИЛА НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ ВО ПРИВАТНИ КОМПАНИИ;**
- **ОБУКА КАЈ ПРЕТХОДНО ПОЗНАТ РАБОТОДАВАЧ;**
- **ОБУКА КАЈ ПРЕТХОДНО ПОЗНАТ РАБОТОДАВЕЦ СО СУБВЕНЦИИ;**
- **ПРАКТИКАНСТВО;**
- **ОБУКА ЗА ВЕШТИНИ ЗА ЗАНАЕТЧИСКА РАБОТА;**
- **ОБУКА ЗА СТРУЧНИ КВАЛИФИКАЦИИ ВРЗ ОСНОВА НА ПОТРЕБИТЕ НА РАБОТОДАВАЧИТЕ;**
- **ОБУКА ЗА ФИНАНСИСКИ И БАНКАРСКИ ВЕШТИНИ;**
- **ОСНОВНИ ОБУКИ ЗА КОМПЈУТЕРСКИ ВЕШТИНИ;**
- **ОБУКА ЗА СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ;**
- **НАПРЕДНИ ОБУКИ ЗА ИТ ВЕШТИНИ И**
- **ОБУКИ ЗА БЕЗБЕДНОСНИ ВЕШТИНИ.**

**4.000.000 €**

**Целната популација на мерките не ги одвојува жените од вкупниот број на корисници. Сепак, во 2018 и 2019 година, државата потрошила 4 мил. евра и опфатила повеќе од 6,668 лица (33% жени).** [7]

**33%**

**4) Категоријата на МЕРКИ ЗА РАБОТА ВО ЗАЕДНИЦАТА** вклучува три мерки: →

- **ЈАВНА РАБОТА;**
- **АНГАЖИРАЊЕ НА ЛИЦА ВРЗ ОСНОВА НА ПОТРЕБАТА НА ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА И**
- **ОБУКА ЗА ЛИЧНИ АСИСТЕНТИ ЗА ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ.**

**1.200.000 €**

**За спроведување на овие мерки државата потрошила 1,2 мил. евра и опфатила повеќе од 2,077 лица (29% жени).** [8]

**29%**

[5] Податоците вклучуваат информации презентирани во Годишните извештаи на АВРСМ. Во анализата користиме „повеќе" затоа што од достапните податоци не може да се утврди точниот опфат.
[6] Ibid.
[7] Ibid.
[8] Ibid.

**5) Категоријата на УСЛУГИ ЗА НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА**
вклучува пет директни услуги:



**4.000.000 €**

**ПОДДРШКА ЗА БАРАЊЕ РАБОТА;**
**МОТИВАЦИОНИ ОБУКИ;**
**ОБУКИ „ПОМОШ ЗА РАБОТА И ВРАБОТУВАЊЕ“;**
**ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА И КАРИЕРНО СОВЕТУВАЊЕ И АКТИВИРАЊЕ НА НЕВРАБОТЕНИ РОМИ.**

**Целната популација на услугите се сите невработени регистрирани во евиденцијата на невработени на АВРСМ и не ги издвојува жените како посебна група. Сепак, во 2018 и 2019 година, државата опфатила невработени лица со 221,997 активности (33% жени).** [9]




**Најголемот број жени се опфатени со најнеефикасните активни мерки за вработување и тоа „СТИМУЛИРАЊЕ НА ВРАБОТУВАЊЕТО“.** Стимулирањето на фирми за вработување на невработени граѓани е пристап кој не е многу ефикасен во обезбедување на долгорочна вработеност на граѓаните (освен во случај на многу мала побарувачка на работна сила). Покрај тоа, постои ризик работодавачите да ги заменат несубвенционираните работници со субвенционирани работници или пак да чекаат додека барателите на работа не станат подобни за субвенции. Сепак, многу мал број жени се насочени и вклучени во обуки и услуги за вработување, а пак тие се препознаени како најсоодветни за нив.



# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

**1.** Високата неактивност, помалата стапка на вработеност и стапката на долгорочна невработеност кај жените се општите карактеристики на домашниот пазар на труд, со одредени многу мали промени во текот на изминатите години. **Со цел да се надмине неактивноста, пониската стапка на вработеност кај жените и долгорочната невработеност, Министерството за труд и социјални политики треба да спроведе внатрешна евалуација со цел да го оцени сегашниот пристап кон жените со активните политики за вработување; спроведе редовна проценка на потребите на сите невработени жени без разлика дали се регистрирани или пак не; врз основа на проценките, Министерството треба да развие нови активни мерки, да ги усогласи тековните или да го смени својот пристап кон жените врз основа на нивните потреби.**

**2.** Државата одвојува во просек 0,16% од БДП за спроведување на активните политики за вработување, што е далеку под просекот на земјите во ЕУ и приближно 20% од буџетот за вработување, а пак 70% за пасивни политики за вработување. Оттаму, **Министерството за труд и социјална политика треба да развие и спроведе стратегија за долгорочно намалување на пасивните политики за вработување и зголемување на учеството на активните политики во буџетот за вработување.**

**3.** Активните политики за вработување се премногу фокусирани на невработените лица кои се регистрирани во државниот систем за вработување. Оние невработени кои не се регистрирани немаат право на пристап до активни мерки, програми и услуги за вработување. **Министерството за труд и социјална политика треба да ги процени потребите на нерегистрираните невработени лица и причините за некористење на државниот систем за вработување. Врз основа на резултатите, да се развие и спроведе стратегија за охрабрување на сите невработени да се регистрираат во системот за вработување на државата или да овозможат либерализација на активните политики за вработување со можност за нивно користење од оние кои не се во државниот систем.**

[9] Ibid
[10] http://ftp.iza.org/dp10321.pdf

**4.** Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување го немаат регулирано или пак операционализирано начинот на таргетирање и вклучување на жените во активните политики за вработување. Освен споменувањето на жените како целна група во две активни мерки за вработување оценети како неефикасни програми за вработување, недостасува јасна визија за нивно вклучување. **Министерството за труд и социјална политика и Агенција за вработување, врз основа на проценката спомената под точка 1 од овој дел, да развијат и подготват упатства за вклучување на жените за секоја активна програма, мерка и услуга за вработување.**

**5.** Групите на активни политики и мерки за вработување во земјата се прилично исти како и во другите европски земји, дури и земјите-членки. Сепак, **одговорните за вработување во Северна Македонија се соочуваат со неколку клучни проблеми: непостоење пристап базиран на потребите при развивање и имплементација на активните политики за вработување, ненасочен пристап при спроведување на активните политики за вработување, ниски капацитети во државните институции за спроведување на мерките на систематски и квалитетен начин и отсуство на постојани и систематски механизми за евалуација.** Со цел да се реши ова, на пазарот на труд му се потребни структурни и длабински реформи, почнувајќи од: **проценка на човечките капацитети во јавениот сектор за вработување да ги испорача активните политики и да работи со невработените, креирање стратегија за градење на капацитетите на лицата кои се ангажирани во реализација на активните политики за вработување, проценка на сите тековни начини за спроведување на активните политики за вработување, креирање стратегии за отстранување на идентификуваните бариери при спроведување на политиките за вработување или воведување нови пристапи и промена на начинот на планирање и спроведување на политиката и буџетот со воведување пристап базиран на потреби.**



Проектот е финансиран од Европската Унија

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ

Овој документ е подготвен со финансиска поддршка од Европската Унија.
Содржината на овој документ е во целосна одговорност на Здружението ЕСЕ и во ниту еден случај не ги одразува ставовите на Европската Унија.